## ➢ Генерирање хронична терапија

Со цел максимално да се поедностави и забрза процесот на генерирање хронична терапија, корегирана е функционалноста за генерирање на хронична терапија за повеќе месеци, зависно од времетраењето на терапијата.

Со внесување на број на месеци за генерирање на хронична терапија, согласно внесеното времетраење, се пресметува колку рецепти ќе се генерираат и се креираат истите (Слика 1).




*Слика 1: Генерирање хронична терапија за повеќе месеци*

На пример, ако времетраењето на терапијата е 10 дена, за еден месец се генерираат 3 рецепти. Доколку избереме генерирање на хронична терапија за 2 месеци, системот автоматски пресметува колку рецепти е потребно да се креираат (Слика 2).




*Слика 2: Генерирање хронична терапија за повеќе месеци*

Исто така, доколку во полето Количина/бр. рецепти внесете 3, системот генерира исто толку рецепти за дадениот месец. При креирање на хроничната терапија за 2 месеци, системот автоматски пресметува колку рецепти е потребно да се изгенерираат (Слика 3).




*Слика 3: Количина/бр.рецепти*